Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

**Архивски број: 08-446/6**
**Датум: 21-11-2025 година**

Врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), постапувајќи по Претставка бр. 08–446/1 од 22.05.2025 година, поднесена од страна на ----- во својство на в.д. директорка на ООУ ----- - Прилеп со адреса на седиште ул. -----, Прилеп, преку Адвокат ----- од Прилеп против -----, со адреса на живеење ул. -----, Прилеп, за сторена дискриминација врз основа на раса, боја на кожа и етничка припадност, во областа на образование, наука и спорт, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на ----- кон ----- во својство на в.д. директорка на ООУ ----- – Прилеп.**

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на етничка припадност во областа на образованието, науката и спортот од страна на ---- кон учениците во ООУ ----- – Прилеп кои се припадници на ромската етничка заедница.**

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на лицето ----- во својство на в.д. директорка на ООУ ----- - Прилеп со адреса на седиште ул. -----, Прилеп, преку Адвокат ----- од Прилеп на ден 22.05.2025 година до Комисијата е поднесена Претставка за заштита од дискриминација врз основа на раса, боја на кожа и етничка припадност, во областа на образование, наука и спорт сторена од страна на ----- со адреса на живеење ул. -----, Прилеп, заверена со бр. 08-446/1. Наведената Претставка е доуредена од страна на подносителот на ден 11.06.2025 година, кое доуредување во архивата на Комисијата е заверено со бр. 08-446/3, а тоа по Барање за доуредување на претставката бр. 08-446/2 од 29.05.2025 година, побарано од страна на Комисијата.

Во претставката подносителот наведува дека вршејќи ја својата работа, во просториите на училиштето била вербално нападната од потенцијалниот дискриминатор, во својство на родител на дете кое требало да биде запишано во прво одделение во училиштето. Имено, потенцијалниот дискриминатор одбивал неговото дете да биде запишано во конкретното училиште, во кое реално согласно реонизацијата требало да се запише од причина како што наведува подносителот на претставката, потенцијалниот дискриминатор не сакал неговото дете да учи во училиште со деца од ромска етничка заедница. Подносителот наведува дека


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

потенцијалниот дискриминатор се обратил со следните зборови: „*Јас во Америка не сакав децата да ми учат со црнчишта не па овде со ѓупчишта.*".

Во своето Доуредување од 11.06.2025 година, во Комисијата заверено со бр. 08-446/3, доставено по Барање за доуредување бр. 08-446/2 од 29.05.2025 година на Комисијата, а доставено преку Адвокат ----- од Прилеп, подносителот на претставката истакнува дека истата ја поднесува како директор на ООУ ----- – Прилеп и врши прецизирање на основот и областа во која се случил пријавениот дискриминаторски чин и дава детален опис на истиот. Настанот се случил на ден -----.2025 година во текот на работното време, околу 11,30 – 12,00 часот, кога во канцеларијата на в.д. директорката упаднал потенцијалниот дискриминатор кој покрај горенаведеното упатил и закани насочени лично кон подносителката и нејзиното семејство. Таквиот чин од страна на потенцијалниот дискриминатор предизвикал реакција и од страна на другите вработени во училиштето. Поради претрпеното вознемирување, подносителката побарала медицинска помош во Итната медицинска помош и на Одделението за ----- при ЈЗУ Општа болница Прилеп, а настанот преку Адвокат ----- од Прилеп го пријавила и во полициската станица во Прилеп. Наведениот чин, подносителката го пријавила и во Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Единицата за локална самоуправа Прилеп, а покрената била и постапка пред Основниот суд Прилеп.

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата со Барање за произнесување бр. 08-446/4 од 09.07.2055 година се обрати до потенцијалниот дискриминатор, кој достави Произнесување, во Комисијата заверено со бр. 08-446/5 од 28.07.2025 година. Во своето произнесување потенцијалниот дискриминатор наведува дека одговорно тврди дека во ниту еден момент не употребил наратив и зборови како што навела подносителката во претставката, ниту пак се заканувал или вршел притисок. Понатаму, наведува дека посетата кај подносителката на претставката била со цел да ја извести дека неговото малолетно дете кое требало да се запише во училиште во прво одделение веќе било однесено во друго училиште, во ООУ ----- – Прилеп, заради упис, врз основа на тоа дека мајката имала живеалиште на друга адреса, каде во моментот престојувало и детето, според која адреса според реонизацијата потпаѓала за упис во ООУ ----- – Прилеп, каде било и тестирано на -----.2025 година. А за упис во ООУ ----- – Прилеп, на адресата на таткото, потенцијалниот дискриминатор, на ден -----.2025 година пристигнала писмена покана за упис на детето во прво одделение во ООУ ----- – Прилеп.

Во своето прозинесување, потенцијалниот дискриминатор наведува дека напротив, подносителката на претставката е таа која во континуитет вршела притисок на директорите на другите основни училишта, и покрај тоа дека тие доставиле лична карта од мајката и Имотен лист од кој е видно дека мајката на детето има живеалиште на адресата кој според реонизацијата влегува во реонот на ООУ ----- – Прилеп. Дополнително, потенцијалниот дискриминатор во своето произнесување наведува дека целата ситуација околу запишувањето на детето во прво одделение влијаела на

здравствената состојба особено на мајката, која чувствувала силен немир, стрес и револт за што и побарала лекарска помош.

Понатаму, во произнесувањето, потенцијалниот дискриминатор наведува дека за неможноста слободно да одлучи во кое училиште да си го запише сопственото дете, неговата сопруга се обратила писмено со Пријава за навреда, клевета и лажни изјави како и повреда на правото на образование при упис на дете во прво одделение и до Основен јавен обвинител -----, Народен правобранител – Сектор за заштита на детските права, до Министерството за образование и наука кај Државен советник за основно образование ----- и ------, кај -----, Раководител во Секторот за основно образование, до Детската амбасада Меѓаши, Државен просветен инспекторат Скопје, УНИЦЕФ – Канцеларија во Северна Македонија, ЕЛС кај Овластен просветен инспектор -----, кај Секретарот на ЕЛС ----- и кај Раководителот на Секторот за јавни дејности -----.

Во своето произнесување, ----- како прилог докази доставува и документи за лична идентификација (лични карти) за него како татко на детето и за мајката на детето. Неговата лична карта е со дата на издавање 18.07.2025 година на адреса -----, додека личната карта на мајката е издадена на ден 07.05.2024 година, со адреса ул. -----, Прилеп. Покрај тоа, во прилог како доказ доставува и Потврда бр. ----- од 15.07.2025 година издадена од Министерството за внатрешни работи – Оддел за граѓански работи – Сектор за управно надзорни работи – Отсек за управни работи Битола – за Прилеп, која се однесува на -----, дека истата поседува лична карта издадена на 07.05.2024 година од МВР на РСМ – ОУР Прилеп со адреса на ул. -----, Прилеп, како и Имотен лист бр. ----- за КО -----, од кој е видно дека на имотот на напред наведената адреса, сопственост има -----. Друг документ како доказ кој го приложува кон своето произнесување, е Изводот од матична книга на родените за тековен број ----- за Прилеп, издаден од Управата за водење на матичните книги на 02.02.2024 година, кој се однесува на неговото дете, а во кој во графата за живеалиште и адреса на станот на родителите и кај таткото и кај мајката стои адресата ул. -----, Прилеп.

* * *

Земајќи ги во предвид сите наводи и докази изнесени во претставката на подносителката и доуредувањето, како и содржината на произнесувањето на потенцијалниот дискриминатор и прилозите кон истото, Комисијата ценеше дека од страна на потенцијалниот дискриминатор е сторено вознемирување врз основа на општествен статус во областа на работата и работните односи кон подносителката и вознемирување врз основа на етничка припадност во областа на образованието, науката и спортот од страна кон учениците во ООУ ----- – Прилеп кои се припадници на ромската етничка заедница.

Со одредбата од членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се утврдуваат дискриминаторските основи, меѓу кои Законот го утврдува и општествениот статус и етничката припадност како дискриминаторски основи. Со одредбата од членот 6 од закон се утврдува дискриминацијата на следниот начин: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или*

*давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.",* додека со одредбата од членот 10 став (1) од исто така од Законот за спречување и заштита од дискриминација, вознемирувањето е уредено на следниот начин: *„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.".*

Заштитата од дискриминација и промоција на еднаквоста се уредува и со Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20, 03/25 и 74/25). Во членот 5 став (1) е утврдено дека: *„Во основното воспитание и образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование.",* а во ставот (2) точка (2) од истиот член е уредено дека во основното образование се забранува секој облик и вид на дискриминација и во процесот на запишување во основното образование. Во ставот (5) се уредува дека забраната за дискриминација се однесува и на дискриминација кон вработените во основите училишта врз која било дискриминаторска основа, а со ставот (8) од истиот член се утврдува забраната од дискриминација и физичкото одделување на учениците врз дискриминаторска основа, кој гласи: ***„Се забранува дискриминација и физичко одделување на учениците врз дискриминаторска основа при запишување и формирање на паралелки во основните училишта без легитимна или објективна оправдана цел согласно со Уставот на Република Северна Македонија.".***

Реонизацијата на училиштата и постапката околу процесот на реонизација е уредена во членот 63 од Законот за основното образование, кој гласи:

*„Родителот, односно старателот има право и обврска да го запише детето во основното училиште во реонот во кој има живеалиште или каде што има престојувалиште.*

***Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.***

***Основното училиште е должно да ги запише учениците од својот реон, без исклучоци*** *освен во случаи кога во училиштето на реонот нема услови за следење на настава на мајчин јазик, постои документација која го потврдува здравственото или*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*психосоцијалното здравје на ученикот како основа за префрлање и кога училиштето има слободен капацитет и префлањето е во интерес на детето, потврдено од центарот за ментално здравје.*

***Основачот го утврдува реонот на основните училишта, од кој се запишуваат учениците во основните училишта. Основачот е должен утврдувањето на реонот на основните училишта, да го прави на начин со кој се спречува и надминува физичко одделување на учениците по етничка припадност, освен во општините во кои доминантно население се припадници на една етничка заедница.***

***Списокот на децата од реонот за запишување во основното училиште, се добива од надлежните органи во единицата на локалната самоуправа кои водат евиденција на жители и лица со постојан престој, согласно закон.***

***Списокот од ставот (5) на овој член, единиците на локалната самоуправа го добиваат од надлежниот орган за водење на матична книга на родените и матична книга на умрените, како и од надлежниот орган за водење евиденција за движење на граѓаните надвор од земјата, согласно закон.***

***Списокот од ставот (5) на овој член, содржи име на детето, име на еден од родителите односно старателите, презиме на детето, датум на раѓање на детето,*** *односно датум на смрт на детето,* **адреса на живеалиште/престојувалиште во државата, односно дали е надвор од државата.**

*Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, не се однесуваат на учениците со комплексни потреби со проценката за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.*

*Одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7) и (8) на овој член, не се однесуваат на децата во воспитно-поправните установи.“*

* * *

Во смисла на претходно наведените законски одредби, ценејќи ги аргументите и доказите на подносителката на претставката и произнесувањето на -----, секој посебно и во корелација еден со друг , Комисијата одлучи како во диспозитивот на Мислењето.

Имено, во член 63 во ставот (4) и (5) од Законот за основното образование се уредува движењето на списоците со децата од реонот за запишување во основното училиште, се утврдуваат надлежните органи за креирањето на списоците и проследувањето на истите. Во ставот (6) од истиот член, се утврдува содржината на списоците, односно се утврдува дека списокот содржи име на детето, име на еден од родителите односно старателите, презиме на детето, датум на раѓање на детето, односно датум на смрт на детето, адреса на живеалиште/престојувалиште во државата, односно дали е надвор од државата. Оттука, видно е дека основното училиште не е надлежно во однос на реонизацијата, дека истото постапува согласно одлуките на основачот и по доставените списоци со децата. Па така, во конкретниот случај, ООУ ----- – Прилеп постапил во целост согласно одредбата од ставот (2) од членот 63 од Законот за основното образование, со тоа што доставил писмена покана

на ден -----.2025 година за упис на детето во прво одделение во ООУ ----- – Прилеп на -----, на неговата адреса, како татко на детето.

Видно од приложените докази од страна на -----, неговата лична карта и личната карта на неговата сопруга, мајка на детето, Комисијата констатираше дека адресите се различни на таткото и мајката, а друг доказ за адресата на живеење на таткото на детето пред датата на издавање на новата лична карта не е доставен, ниту пак е доставен конкретен доказ на која адреса е нивното живеалиште. Потврдата која е доставена како прилог, а издадена од надлежната организациона единица при Министерството за внатрешни работи, потврдува само дека мајката на детето, поседува лична карта на конкретна адреса, но не и дека живеат на таа адреса.

Па така, во смисла на ставот (8) од членот 5 од Законот за основното образование, Комисијата констатираше дека ----- не сторил веројатно дека има легитимна или објективна оправдана цел согласно Уставот на Република Северна Македонија, да не го запише своето дете во ООУ ----- – Прилеп, и со чинот на користење на несоодветен вокабулар сторил вознемирување кон сите деца, односно учениците припадници на ромската етничка заедница.

* * *

**Согласно со горенаведено, Комисијата утврди дека од страна на ----- е сторено вознемирување врз основа на општествен статус во областа на работата и работните односи кон ----- во својство на в.д. директорка на ООУ ----- – Прилеп и врз основа на етничка припадност во областа на образованието, науката и спортот кон учениците во ООУ ----- – Прилеп кои се припадници на ромската етничка заедница, и се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење, а согласно одредбите од ставот (2) од членот 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните:**

## П Р Е П О Р А К И

1. **СЕ ПРОПОРАЧУВА на ----- писмено да се извини на ----- во својство на в.д. директорка на ООУ ----- – Прилеп за сторено вознемирување врз основа на општествен статус во областа на работата и работните односи и на учениците во ООУ ----- – Прилеп кои се припадници на ромската етничка заедница, за сторено вознемирување врз основа на етничка припадност во областа на образованието, науката и спортот, во рок од 30 дена од денот на прием на Мислењето.**
2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА ----- во иднина да се воздржи** од преземање на постапки со кои кон едно или повеќе лица ќе стори вознемирување врз основа на општествен статус и врз основа на етничка припадност или било која друга дискриминаторска основа.

**Доколку ----- не постапи согласно наведените препораки, согласно своите надлежности уредени со одредбата од член 27 став (4) од Законот за спречување и**

**заштита од дискриминација, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

**Скопје,**
**13.11.2025 година**

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**
**Претседател на Комисијата**
**Душан Томшиќ**

**Доставено до:**

- -----, в.д. директорка на ООУ ----- - Прилеп;
- -----;
- Архива на Комисијата;


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk